**20130230715**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 12 февруари 2013 година.

Број 07-825/1
12 февруари 2013 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО**

Член 1

Во Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија" број 20/2004, 115/2007, 18/11 и 148/11), во членот 63 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Одобрението од ставот (1) на овој член Управата го издава по претходна согласност на министерот за култура."

Ставовите (2), (3), (4), (5) и (6) стануваат ставови (3), (4), (5), (6) и (7).

По ставот (7) се додава нов став (8), кој гласи:

„(8) Министерството за култура два пати годишно, во јануари и во јули во тековната година, е должно да ја информира Владата на Република Македонија за тоа на кого се издадени одобренијата од ставот (1) на овој член, какви се ефектите од издадените одобренија, за новите подносители на барања за одобрение и колку предмети за издавање на одобрение се во постапка."

Член 2

Во Одделот 11 насловот на точката 11.1 се менува и гласи: „Концесии и јавно приватно партнерство".

Член 3

Насловот пред членот 117 и членот 117 се менуваат и гласат:

„Предмет на концесија и јавно приватно партнерство

Член 117

(1) Во заштитата на културното наследство јавниот интерес може да се остварува и преку концесија или со воспоставување на јавно приватно партнерство, согласно со овој закон и Законот за концесии и јавно приватно партнерство.

(2) Предмет на доделување на концесија и на вршење на јавно приватно партнество може да биде културното наследство од јавен интерес и остварувањето на заштитата на културното наследство од јавен интерес согласно со овој закон, со исклучок на:

1) резервирани археолошки зони и други не истражени или нецелосно истражени археолошки наоѓалишта;

2) меморијални објекти, обележја и места поврзани со значајни настани и истакнати личности;

3) култни или други места и објекти поврзани со обичаи, верувања или посебни традиции и

4) недвижни добра од членовите 12 став (2) и 13 став (2) од овој закон.

(3) Доделување на концесија и воспоставување на јавно приватно партнерство од ставот (1) на овој член се врши на начин и во постапка утврдени во Законот за концесии и јавно приватно партнерство, согласно со посебните услови утврдени со овој закон.

(4) Концесијата од ставот (1) на овој член не може да се пренесува.“

Член 4

Во членот 118 став (1) по зборот „следниве“ се додава зборот „посебни“.

Точката 1 се менува и гласи:

„1) да е регистрирано во матичната земја за вршење на дејност за која се доделува правото на користење на недвижното културно наследство предмет на концесија;“.

Во точката 2 зборовите: „за која е регистрирано“ се заменуваат со зборовите: „од точката 1“.

Член 5

Членот 119 се менува и гласи:

„(1) Концесијата од членот 117 став (1) од овој закон се дава за период од најмногу 30 години.

(2) За користењето на културното наследство што е предмет на концесијата од членот 117 став (1) од овој закон се плаќа годишен надоместок, чија висина се утврдува со договорот за концесија.

(3) Надоместокот од ставот (2) на овој член се плаќа до 30 јуни за тековната година.“

Член 6

Членот 120 се менува и гласи:

„(1) Надзор над спроведувањето на договорите за доделување на концесија и за вршење на јавното приватно партнерство врши Министерството за култура.

(2) Министерството за култура може со решение да определи посебен одбор за надзор над спроведувањето на договорите од ставот (1) на овој член.

(3) Во одборот за надзор над спроведувањето на договорот за концесија се именуваат и по еден претставник од општината на чие подрачје се наоѓа концесионираното добро и на невладина организација од областа на заштитата на културното наследство.“

Член 7

Во членот 173 по ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) За прекршокот од ставот (1) точка 8 на овој член на правното лице и на физичкото лице може да  му се изрече посебна прекршочна мерка одземање на предмети, метал-детектори и други технички средства погодни за детекција од членот 63 од овој закон, со кои е извршен прекршокот.“

Ставовите (5), (6) и (7) стануваат ставови (6), (7) и (8).

Член 8

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.